# Продолжуваат средбите

## помеѓу Комисиите на Московската Патријаршија и Руската Задгранична Црква во Москва

На 26 јуни 2006 г. во просториите на Одделот за надворешни црковни врски на Московската Патријаршија започна заедничка работна средба на Комисијата на Московската Патријаршија за дијалог со Руската Задгранична Црква и Комисијата на Руската Задгранична Црква за преговори со Московската Патријаршија.

Комисиите за преговори на Московската Патријаршија и Руската Задгранична Црква постигнаа консензус околу сите прашања од Актот за востановување на канонско општење кој ги одредува основните параметри на новиот статус на Руската Задгранична Православна Црква (РЗПЦ) како самоуправен дел на едната Руска Црква.

Како што соопшти секретарот на Комисијата на Московската Патријаршија, протоерејот Николај Балашов, таков е резултатот од тридневната средба на Комисиите која заврши на 28 јуни 2006 год. во Москва.

„Понатамошните чекори на патот за востановување на црковно единство беа предмет на разгледување на Комисиите“, рече о. Николај.

Според неговите зборови, Комисиите ги проучија предлозите на архиерејскиот собор на РЗПЦ кои се однесуваат на доработувањето на проектот на Актот за канонско општење којшто во целина беше одобрен од соборот.

Продолжуваат средбите
помеѓу Комисиите на Московската Патријаршија и Руската Задгранична Црква во Москва



„За оние членови во Актот кои требаа да се прецизираат, постигнати се заеднички решенија одобрени од Комисиите и ќе се изнесат на разгледување пред двата Синода“, соопшти о. Николај.

Конечно, утврдувањето на Актот од Синодите во Москва и Њујорк ќе означува востановување на канонско единство и евхаристиско (литугиско) заедничарење меѓу Црквата во Русија и делот на руската црковна дијаспора одделен од неа пред 80 години.

Заседанието на Светиот Синод на Руската Православна Црква, како што се очекува, ќе го разгледа обновениот проект во јули, а Синодот на Задграничната Црква веројатно ќе се состане во Њујорк во септември.

Отец Николај не ја исклучува можноста дека на Комисиите им претстојат уште средби заради разгледување на детали пред конечното утврдување на Актот, но исто така изјави: „Имам впечаток дека процесот на дијалог со Задграничната Црква се ближи кон успешното завршување. Главниот дел на патот веќе е поминат“.

извор: www.sedmitza.ru

# Делегација
## на Руската Православна Црква ја посети Грција

Со благослов на рускиот Патријарх Алексиј II, а на повик на грчкиот Архиепископ Христодул од 17 до 21 јуни 2006 год., во Грција престојуваше делегација на Руската Православна Црква. Делегацијата ја посети Грција поради учество во свеченостите околу пренесувањето на моштите на свети Арсениј Еласонски коишто ѝ беа предадени на Грчката Православна Црква на 8 јуни во храмот на Христа Спасителот во Москва од страна на рускиот Патријарх. Делегацијата се сретна со Поглаварот на Грчката Црква г. Христодул и Митрополитот Еласонски Василиј во машкиот манастир на Олимп, посветен на Света Троица. Свеченостите во градот Еласон вклучуваа Вечерна богослужба, Литија, празнична Утрена и Божествена Литургија, којашто ја отслужи Архиепископот Христодул заедно со Архиепископот Владимирски и Суздалски Евлогиј и неколку грчки епископи, во храмот на свети Арсениј Еласонски, каде што беа пренесени моштите. По Литургијата имаше и наградување со почесни грамоти и подароци на сите оние што учествувале во изградбата и украсувањето на храмот на свети Арсениј Еласонски.

Предводникот на делагацијата на Руската Православна Црква, Архиепископот Владимирски и Суздалски Евлогиј, во своето слово кон грчкиот архиепископ Христодул заблагодари „за овозможување на









Делегација
на Руската Православна Црква ја посети Грција

учеството во свеченостите што се симбол за духовно единство на двете братски Цркви.“ Во своето обраќање Епископот Евлогиј изрази желба, по молитвите на светиот Арсениј, братските православни народи уште потесно да се соединат духовно сведочејќи за севселенскиот карактер на православната вера. Во своето слово, пак, архиепископот Христодул му заблагодари на рускиот патријарх Алексиј за предавањето на моштите на светиот Арсениј Еласонски. Според зборовите на Архиепископот Христодул, тој чин е доказ за пријателството и заемните братски односи коишто постојат помеѓу двете Цркви. Христодул исто така спомна за страданијата по чијшто пат поминале двете Цркви во својата историја, што е сведоштво за сличноста на нивните судбини и за нивното духовно единство.

Делегацијата, за време на својот престој во Грција, ги посети женските манастири во чест на Олимписката икона на Богородица и на Вознесението Христово, Преображенскиот машки манастир каде што свети Арсениј Еласонски некогаш го примил монашкиот потстриг. На покана на Митрополитот Тесалиотски и Фанариоферсалски Кирил, архиепископот Владимирски и Суздалски Евлогиј чиноначалствуваше со молебенот при поставување на темелите на новиот храм на свети Арсениј Еласонски во неговото родно место  во Калогријана.

извор: www.mospat.ru

# Архиереј на Руската Задгранична Црква предаде дел од моштите на преподобните маченички Елисавета и Варвара на Владикавкаската епархија на Московската Патријаршија

На 22 јуни 2006 г. во текот на својата посета на Северна Осетија, Архиепископот Берлински и Германски Марк (Руска Задгранична Црква) ѝ предаде на Ставрополската и Владикавкаската епархија на Московската Патријаршија дел од моштите на преподобните маченички, великата кнегиња Елисавета и монахињата Варвара.

Како што е познато, Московската Патријаршија и Руската Задгранична Црква потпишаа спогодба за заедничка изградба на рехабилитационен центар во спомен на жртвите од Беслан, на територијата на Богојавленскиот манастир во Северна Осетија.

Преподобната велико-маченичка кнегиња Елисавета, којашто целиот свој живот го посвети на болните и на оние што страдаа, беше ѕверски убиена од болшевиците во 1918 година. Името на светата Елисавета и името на со неа загинатата монахиња Варвара станаа симбол на пожртвувано служење и христијански подвиг. Сега моштите на Светителките се наоѓаат во Гетсиманската женска обител во Ерусалим. Моштите на преподобните маченички ќе се чуваат во храмот на Покровот на Пресвета Богородица во Владикавказ, а потоа ќе бидат пренесени во Богојавленскиот женски манастир каде што се гради рехабилитациониот центар.

извор: www.mospat.ru







# Средба
## со архимандритот Елисеј
## од манастирот Симонопетра (Света Гора)

Игуменот на манастирот Симонопетра од Света Гора, архимандритот Елисеј, на 15.06.2006 година беше гостин на Теолошкиот православен институт „Свети Сергеј“ во Париз. Во негова придружба беше и о. Макариј, монах од манастирот Симонопетра. Повеќето професори од Институтот, студенти и сите што имаа желба да се запознаат со монасите од Света Гора присуствуваа на средбата со нив.

Отец Елисеј беше избран и подготвуван од архимандритот Емилијан за да го наследи во духовното раководење со монасите на еден од најзначајните манастири на Света Гора денес. Отец Макариј, Французин, е автор на православниот синаксар: „Синаксар. Житија на Светиите на Православната Црква“ (едиција "To Perivoli tis Panaghias", © S. M. Simonos Petras, Mont Athos)
Манастирот Симонопетра го подигна свети Симеон Мироточив, кој живееше на Света Гора во 13 век. Овој манастир се возобнови во втората половина од 20 век, кога од Метеори дојде отец Емилијан со своите монаси (1973).

извор: www.orthodoxie.org

# Нов Архиереј во Синодот на МПЦ

Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква на својата редовна седница одржана на 22 јуни 2006 год. го избра Неговото Високопреподобие архимандритот г. Иларион (Серафимовски), игумен на манастирот на Свети Гаврил Лесновски, за викарен Епископ на Македонската Православна Црква, со титула Епископ Баргалски.

На 12 јули 2006 г. на празникот Петровден, во соборниот храм на Свети Никола во Штип, со почеток во 18,00 часот ќе се изврши чинот Наречение (именување) на новоизбраниот епископ Баргалски, а хиротонијата (ракополагањето) на новонаречениот Епископ г. Иларион ќе биде утредента на Павловден, во истиот храм во Штип, со почеток во 08,30 часот.

Синодот на оваа седница ги назначи за епархиски архиереи досегашниот администратор Епископот Велички г. Методиј за Митрополит Американско-канадски и досегашниот администратор Епископот Полјански г. Пимен за Митрополит Европски. Нивните востоличувања ќе бидат извршени оваа есен.

извор: www.mpc.org.mk

вести од православниот свет



# Во Фанар се сретнаа царигрaдскиот Патријарх Вартоломеј и грчкиот Архиепископ Христодул

На 24 јуни 2006 година, на денот на светиот апостол Вартоломеј, Архиепископот Атински и на цела Грција пристигна во Истанбул, за да му го честита лично именденот на Цариградскиот Патријархот Вартоломеј. „Дојдовме тука водени од љубов и почит кон Патријаршијата, за да ги споделиме нашите чувства, и да ја изразиме молитвената поддршка на Грција во овој тежок момент на искушение за Цариградската Патријаршија", изјавил Атинскиот Архиепископ Христодул.

извор: www.ert.gr


ПАТУВАЈТЕ...
НИЕ СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ВАС!
International SOS
tel. +420222111125
24 hours service
Free of charge.
ПАТНИЧКО-ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ
Ние го нудиме светот. Следниот чекор е Ваш.
ТАБАК
ОСИГУРУВАЊЕ
JSC for insurance TABAK - Skopje
III Makedonska brigada b.b., 1000 Skopje
T. +389 2 3105 608
F. +389 2 3105 685
e-mail: contact@tabakosiguruvanje.com.mk
www.tabakosiguruvanje.com.mk
The Best Insurance Company in Macedonia
by Gross Profit, ROA Index, Capital Strength
finance central europe
TRAVEL... YOUR SAFETY IS IN OUR HANDS
art ulica 26